View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

Општина Ќустендил
Свечено празнување на меѓународниот ден на туризмот 25-26.09.2010
"Туризам и биодиверзитет"

Универзитет "Гоце Делчев", Штип
Факултет за туризам и бизнис логистика

**Тема на трудот:**

# "Биолошката разновидност како мотив за привлекување на туристи во бањските центри во Република Македонија"

**Автори:**

д-р Нако Ташков, м-р Дејан Методијески

***Апстракт:***

Предмет на оваа статија е улогата која ја имаат природните ресурси, поточно растителниот и животинскиот свет за привлекување на туристи во бањските центри во Република Македонија. Направен е преглед на бањските центри, лековитоста на нивните води како основен мотив за посета од страна на туристите и биолошката разновидност како дополнителен мотив.

Презентирани се дел од истражувањата во однос на искористеноста на природните вредности на бањите од страна на посетителите. Разгледани се факторите за загадување на животната средина во бањските центри и мерките за нејзина заштита.

***Клучни зборови:*** туризам, бањски центри, биолошка разновидност, растителен и животински свет.

„Земај само фотографии, а оставај само траги", Дејвид Шепард, Меѓународна унија за заштита на природата.

## 1. Туризмот и биолошката разновидност[1]

"Туризмот претставува привремено патување и престој на луѓето надвор од своето постојано место на живеење, во друга држава или регион во своето слободно време со цел одмор, здравствени, културни или професионално-деловни, спортски, религиозни и други цели, без да вршат платена должност во местото на привремен престој".

Туризмот претставува сложена човечка дејност, поврзана со патување на луѓето за задоволување на нивните потреби. Многу автори сметаат дека туризмот ги задоволува потребите на луѓето за движење во природата и истите ги имаат

[1] Биодиверзитетот или биолошката разновидност е научен термин во кој се содржат сите живи форми на Земјата.

своите корени уште од минатото. Денес туризмот претставува показател за нивото на развој на нашата цивилизација, начин за подигање на културното ниво и обновување на здравјето на луѓето[2].

Туризмот има големо еколошко значење. Туристичките дејности во повеќе случаи се одразуваат врз состојбата на природната средина негативно и ја нарушуваат еколошката рамнотежа преку лов, риболов, газење на зелените површини и др. Истовремено преку туристичките патувања можат да се постигнат позитивни резултати за подигање на еколошката свест кај туристите. Од таа причина развиените туристички држави имаат јасно зацртана еколошка политика, која вклучува и елементи од туризмот. Се повеќе држави во светот обрнуваат внимание на биодиверзитетот преку организација на конференции, состаноци, иницијативи и изработка на планови за дејствување, како например Декларацијата за заедничка регионална акција за заштита на биодиверзитетот во балканскиот регион, донесена во Маврово.

Оваа 2010 година, Светската туристичка организација (UNWTO), ја прогласи за година на туризмот и биодиверзитетот[3].

## 2. Бањскиот туризам во Р.Македонија

Меѓу природните ресурси со епитет на изразита погодност за задоволување на туристичките потреби во Р.Македонија спаѓаат и термоминералните води. На просторот кој го опфаќа земјата од 25 713 км2, се наоѓаат бројни вакви хидрографски објекти. Број на термоминерални извори во Р.Македонија е над 65, а за туристички потреби се користат 8 (табела бр.1). Повеќето од наведените бањи се лоцирани во мошне убави предели, каде придонес даваат и останатите природни ресурси. Исто така повеќето од бањите се користеле уште од дамнешни времиња, така што во нивната околина има и антропогени туристички ресурси со голема вредност.

Бањските центри се такви туристички мотиви кои ги привлекуваат туристите со хидролошките карактеристики изразени пред се од хемискиот и минеролошкиот состав и со термичките особини, како и штедроста на изворите која обезбедува минимални услови за нивно користење[4].

Табела бр.1, Преглед на бањските центри во Р.Македонија

| Реден број | Име на бањата | Местоположба | Регион |
|---|---|---|---|
| 1 | Банско | с.Банско | Југоисточен |
| 2 | Дебарски бањи<br>(Бањиште и Косоврашка) | с.Бањиште | Југозападен |
| 3 | Кочанска* | с.Бања | Источен |

[2] Славейков, П., Найденов, К., “Икономика на туризъма”, СУ, София, 2009 г.
[3] Светската туристичка организација е агенција на Обединетите Нации, со седиште во Мадрид, Шпанија, која се занимава со прашања поврзани со туризмот, како собирање и споредување на статистички податоци поврзани со меѓународниот туризам. Во неа членуваат над 145 земји.
[4] Мариноски, Н., “Туристичка географија”, ФТУ, Охрид, 2006

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Катлановска | с.Катланово | Скопски |
| 5 | Кежовица | с.Ново Село | Источен |
| 6 | Кумановска | с.Проевци | Североисточен |
| 7 | Негорска | с.Негорци | Југоисточен |

Извор: Ташков, Н., "Туристички вредности на бањите во Република Македонија", Штип, 2004

Биолошката разновидност во Р.Македонија е релативно добро проучена и истата е забележителна по нејзиното видово богатство (над 16 000 видови)[5]. Оваа разновидност е присутна и кај бањските центри, бидејќи сите 8 се наоѓаат во рурална средина.

Бањскиот туризам е сврзан за карактеристиките на водата на термоминералните извори и околниот простор. Тој ги содржи рекреативните компоненти и лечилишните функции. Оваа туристичка активност се карактеризира со превентивните, лечилишните и рехабилитациските влијанија на термоминералните води.

Карактеристиката на бањскиот туризам е ненагласената сезонска концентрација и клиентелата која е хетерогена и бара широка туристичка понуда. Бањите се доста распространети со што се намалува радиусот на движење на туристите, иако некои бањи со извонредни балнеолошки и други вредности можат да привлечат туристи и од многу пооддалечени краеви (например Карлови Вари во Чешка). Долготрајниот престој во бањските центри бара и збогатена содржина на понудата[6].

Погоре споменавме дека бањските центри во Р.Македонија се наоѓаат во рурални средини. Поради овој податок и други причини, некои хрватски автори (E.Kusen) и македонски автори го вбројуваат бањскиот туризам како рурален (М.Талеска, М.Ѓорѓиевски, В.Танчева). Ако се земе предвид дека во Р.Бугарија, општо прифатеното именување на руралниот туризам е селски (Алексиева, Стамов, Атанасова, Статев, Станкова и др.), ги разгледуваме податоците добиени од едно истражување[7] направено малку пред влегувањето на Р.Бугарија во ЕУ. Тоа дава полезна информација во однос на претставите за престојот во рурални средини на жителите од град Софија со цел туризам.

Потенцнцијалните клиенти според истражувањето ја определуваат зачуваната природна средина како најважен фактор за посета на рурална средина. Тоа го потврдува првостепеното значење на природните ресурси за развојот на руралниот туризам, како и нопходноста од нејзиното чување и разумно користење.

Според Статев пак, поважните мотиви за избор на руралниот туризам како начин за одмор и обновување на силите на туристот се следните[8]:

- Најсилниот мотив е **заморот** од динамичниот начин на живот во градските услови. Во големиот град човечкиот организам се троши побрзо поради

[5] Национален извештај кон конвенцијата за климатски промени
[6] Мариноски, Н., "Основи на туристичката теорија и практика", ФТУ, Охрид, 2008
[7] Станкова-Данева, Г., "Структура на продукта на селския туризъм, издръжки и цена на негови елементи", Дисертация, Институт по аграрна икономика, София, 2005 г.
[8] Статев, В., "Селски туризъм", Фабер, Велико Търново, 2007 г.

постојаната напрегнатост, потребата од секојдневно патување на големи растојанија, проблеми во работата и семејството, недостиг на финансиски средства и др.
- **Градежниот "бум"** во последните децении и драстичното намалување на зелените површини во градовите резултира со зголемената потреба на луѓето од смирувачката атмосфера на природната средина, што ги мотивира да ги посетуваат руралните средини. Истражувањата покажуваат дека гледањето на зелената боја (зеленилото) дејствува смирувачки и релаксирачки врз мозокот на човекот.
- Една негативна последица од развојот на информатичкото општество е **недвижењето**. Современиот труд во поголемиот дел е умствен и се поврзува претежно со работа на биро или со комјутер. Недостатокот од движење ги мотивира повеќето луѓе да го искористат слободното време за практикување на спортови кои се поврзани со активности на отворено и се извршуваат во природна средина како на пример алпинизам, спортски риболов, јавање и др.

Кога станува збор за бањскиот туризам пред овие мотиви би требало да ги поставиме лекувачките можности на термоминералните води, кои му се одамна познати на локалното население. Науката пак која се занимава со употребата на минерални води се нарекува балнеологија. Минералната вода може да се користи со успех при лекување на многу заболувања[9].

Друго истражување кое е направено на 200 посетители во 7 од бањските центри во Р.Македонија, во однос на искористеноста на природните вредности покажува дека искористеноста не е на потполно ниво (Табела бр.2). Не се искористени доволно животинскиот и растителниот свет ниту природните туристички ресурси.

Табела бр.2, Искористеност на природните вредности на бањите во Р.Македонија

| Одмор | Кежовица | Банско | Негорска | Дебарски | Катлановска | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Недоволно искористени | 7 | 5 | 20 | 19 | 9 | 60 | 30 |
| Добро искористени | 7 | 13 | 15 | 17 | 10 | 62 | 31 |
| Делумно искористени | 5 | 19 | 9 | 9 | 8 | 50 | 25 |
| Потполно искористени | 2 | 10 | 5 | 8 | 3 | 28 | 14 |
| Вкупно | 21 | 47 | 49 | 53 | 30 | 200 | 100 |

Извор: Ташков, Н., "Туристички вредности на бањите во Република Македонија", Штип, 2004

[9] Георгиев, Г., Апостолов, Н., "Туристически ресурси", Университетско издателство "Неофит Рилски", Благоевград, 2006

## 3. Фактори за загадување и мерки за заштита на животната средина во бањите во Р.Македонија

Заштитата на природата и развојот на туризмот се наоѓаат во неразделна зависност. Бањскиот туризам од секогаш бил голем корисник на природата, така штој има двојна улога – развојна и заштитна. Бањите во Р.Македонија во главно се загрозени поради загадените реки кои минуваат покрај нив како Брегалница, Кумановска река, Пчиња. Во останатите центри каде што не поминуваат реки руралните средини имаат проблем со колекторските системи, канализацијата и регулирањето на тврдите одпадоци.

За да се решат овие проблеми, потребно е многу да се работи на полето на легислативата, јакнењето на еколошката совест и едукација на посебен кадар, како и имплементација на постоечките закони, а не само нивно формализирање и.т.н.

Бањските центри за да ја зачуваат чистата средина во нивната околина треба да ги превземат следните мерки:

- Чување на околината од секојдневните загадувања на посетителите
- Регулирање на отпадните води во овие центри
- Чување и негување на шумскиот потенцијал и негово обновување
- Рационално користење на природното богатство и чување на вишокот на вода.

## 4. Заклучок

Новите тенденции во туристичкото работење водат до зголемување на грижата за природата и зголемување на бенефитот за локалната заедница. Бањските центри во Р.Македонија освен лековитоста на својата вода имаат многу да понудат на туристите, а пред се прекрасната природа, антропогените ресурси и локалните традиции, обичаи и националната гастрономија. Тие заедно го прават туристичкиот производ. Бидејќи темата на оваа статија е биодиверзитетот треба да се споменат накратко потенцијалите со кој располагаат бањските центри, користени уште од времето на Римската Империја.

Во близината на бањските центри може да се сретне животински свет како: срна, фазан, еребица, зајак, дива свиња, елен, муфлон, мечка, волк, лисица, пастрамка, сом, крап, мрена и др.

Од растителнот свет во бањските центри се среќаваат: црн јасен (кој расте до 30м височина), бор, брест, габер, дрен, леска, даб, смоква, барски растенија, трски и др.

Горе наведениот животински и растителен свет, сметаме дека е мотив плус за за привлекување на туристи во бањските центри во Република Македонија

**Користена литература:**

1. Славейков, П., Найденов, К., “Икономика на туризъма”, СУ, София, 2009 г.
2. Мариноски, Н., “Основи на туристичката теорија и практика”, ФТУ, Охрид, 2008
3. Мариноски, Н., “Туристичка географија”, ФТУ, Охрид, 2006
4. Станкова-Данева, Г., “Структура на продукта на селския туризъм, издръжки и цена на негови елементи”, Дисертация, Институт по аграрна икономика, София, 2005 г.
5. Статев, В., “Селски туризъм”, Фабер, Велико Търново, 2007 г.
6. Георгиев, Г., Апостолов, Н., “Туристически ресурси”, Университетско издателство “Неофит Рилски”, Благоевград, 2006
7. Ташков, Н., “Туристички вредности на бањите во Република Македонија”, Штип, 2004

**Користени линкови:**

http://www.unwto.org/
http://www.hotelcarsamuil.com.mk/
http://www.bdcapa.com/
http://www.negorskibanji.com.mk/
http://katlanovskaspa.com/